## Преносни CD единици

Cyber-ManCD од Innovative Communications е најновиот додаток за вашиот преносен компјутер. Овој double-speed CD-ROM се приклучува преку PCMCIA влез и може да обезбеди потполна мултимедиска поддршка благодарејќи на вградената звучна картичка. Секако, Cyber-ManCD можете да го користите и како CD-вокмен. Верзијата со звучна картичка чини околу 800 DEM, а без неа цената е за 200 DEM пониска.

## Безбедна електронска пошта

По појавата на InterAp, интегрираниот пакет за безбедна електронска пошта од Calsoft, фирмата Axent го лансира својот најнов производ, SecurExchange. Се работи за додаток на најпопуларните системи за електронска пошта под Windows. Програмата транспарентно врши двонасочна заштита на пораките и прикачените датотеки преку транспортни патишта како Интернет, локални мрежи и јавни телефонски линии.

Според производувачите, SecurExchange е потполно усогласен со Microsoft MAPI (Mail Application Programming Interface) и Lotus VIM (Vendor Independent Mapping). Заштитата се изведува и врз DOS и Windows датотеките прикачени на пораките што се пуштаат преку E-mail системите како: Microsoft Mail, Lotus Notes и cc:Mail. Инаку, SecurExchange користи RSA кодирање со јавен и таен клуч при заштитата на податоците.

## Syquest го враќа ударот додека Zip е во криза

Додека Iomega се соочува со преголема побарувачка на единицата Zip, на која едноставно не може да одговори, фирмата Syquest извонредно реагираше со својот модел EZ135. Медиумот од 135 Mb за EZ135 чини помалку од 30 DEM; за споредба, 100-мегабајтните дискети за Zip се продаваат по 35 DEM. Уште повеќе, EZ135 има наводно време на достап од 13.5 ms, двапати побрзо од Zip (односно отприлика исто колку и побрзите тврди дискови) и пренос на податоци од 2.4 Mb/sec.




Интерната верзија на EZ135 може да се поврзе како daisy-chain на тврдиот IDE диск, а ќе чини околу 350 DEM, исто колку и Zip. Екстерните изведби, со приклучок за паралелен или SCSI влез, ќе бидат нешто поскапи.

Zip се продаваше толку брзо во САД што Iomega мораше да ги ограничи испораките за Велика Британија. За да се задоволи побарувачката, водени се разговори со Seiko и Epson за можноста и тие да ја произведуваат оваа единица. Во секој случај, ќе помине барем уште еден месец пред Zip да се појави во поголеми количини и во Европа. Iomega, пак, има уште еден ас во ракавот; се работи за единицата Jazz, која користи 1 Gb дискети и се вели, има време на достап 12 ms и пренос од 6.77 Mb/sec. Цената ќе биде околу 850 DEM.

Но, и Syquest има зацртано големи достигнувања - моментно се работи на единици со капацитет од 1.3 Gb. Оваа фирма е веќе подолго време на пазарот и на неа секако треба да се смета кога се работи за единици за масовно складирање податоци.

## Продолжува здружувањето на големите

Во август бевме сведоци на две големи промени на сопственост кај големите компании, по зделката меѓу IBM и Lotus. Специјалистот за софтверски алатки, Symantec, платил 415 милиони долари за канадската софтверска куќа Delrina, а Adobe вложил 500 милиони долари за фирмата Frame Technology, позната по апликацијата за биро-издателство FrameMaker.

Зделката на Adobe ветува некои интересни промени за корисниците на Worldwide Web. FrameMaker е наменет за публикување техничка документација и за користење на SGML, помоќното надмножество на HTML, јазикот на WWW. Исто така, "преносниот документ" на Adobe Acrobat ќе се појави на WWW. Фирмата е инаку сопственик и на пакетот PageMaker, но според шефот на Adobe, Joe Warnock, производите не се компетитивни туку комплементарни.



Зделката со Delrina ќе ја рашири базата на Symantec што се однесува до комуникации; оваа фирма е инаку производител на пакетот за далечинска контрола наречен PC AnyWhere. Познатиот WinFax од Delrina е продаден во преку 10 милиони копии во изминатите 5 години. Според Gordon Eubanks, водечкиот човек во Symantec, здружувањето на компаниите ќе значи понуда на комплетно решение за испраќање, примање и раководење со информации.